# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 мај 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 61-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Сашо Дохчев, Андреј Жерновски, Слободан Даневски, Стојан Андов, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Никола Груевски, Љубчо Георгиевски, Трифун Костовки, Марјан Ѓорчев, Али Ахмети,Теута Арифи и Абдулаќим Адеми, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Информацијата за постапка за одобрување на притвор по пратеникот во Собранието на Република Македонија господин Љубе Бошкоски, поднесена од група пратеници.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучоците содржани во Информацијата го ставам на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Господинот Коце Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, барам пауза од половина час за да ги преформулираме заклучоците, со оглед на тоа што настана нова состојба вчера со првата точка, со усвојување на Одлуката од страна на Собранието на Република Македонија. Според тоа, заклучоците сакаме да ги преформулираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза од половина час за да се преформулираат заклучоците.

(По паузата седницата продолжи во 11,40 часот)

Предлагачот на Информацијата поднесе нов предлог на заклучоци кој ви е поделен.

Предлогот на заклучоците го ставам на гласање.

Ве молам да гласате.

Вкупно гласале 58 пратеници, 13 пратеници гласале за, нема воздржани, 45 пратеници гласале против.

Констатирам дека предложените заклучоци не се усвоени.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Пратениците на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја напуштија салата)

Во салата се присутни 76 пратеници.

Констатирам дека гласањето е полноважно.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 61-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 11,45 часот)